# Прашања од акционерите

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието.

Друштвото може да даде еден збирен одговор на прашањата со иста содржина. Друштвото ќе ги објави одговорите на поставените прашања на својата интернет страница во формат на прашање и одговор.

Друштвото одговара на поставените прашања доколку тоа не е во спротивност со доверливоста во работењето, принципите на Друштвото и деловна тајна, како и деловните интереси на Друштвото.

Заедно со доставеното прашање акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација и тоа:

1. За акционер физичко лице се приложува:

- **Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена**
- **Копија од лична карта или пасош**

2. За акционер правно лице се приложува:

- **Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена**
- **Последна тековна состојба од Централнниот ргистар во оригинал не постара од седум дена**
- **Копија од лична карта или пасош на законскиот застапник**

Прашањето во писмена форма заедно со документите за идентификација мора да биде примено во П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп најдоцна до истекот на 8 дена од денот на објавување на јавниот повик за Годишно собрание на акционери.

**Адреса на која се доставува прашањето:**
П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп
ул.„Леце Котески“ бр.23
7500 Прилеп
Назнака: „Собрание на акционери“